# ПРВ АКЦИСКИ ПЛАН ЗА
# ПАРТНЕРСТВО ЗА ОТВОРЕНА ЛОКАЛНА ВЛАСТ
# ОПШТИНА КИСЕЛА ВОДА
# (2024-2025)

**Скопје, декември 2024**

## СОДРЖИНА


**ЛИСТА НА КРАТЕНКИ** ........ 3

**1. ПРЕДГОВОР** ........ 4

**2. ИЗВРШНО РЕЗИМЕ** ........ 6

2.1. Историја на Партнерството за отворена власт (ПОВ) на глобално ниво ........ 6

2.2. Членство на Македонија во Партнерство за отворена власт (ПОВ) ........ 9

2.3. Членство на Општина Кисела Вода во Партнерство за отворена локална власт ........ 9

**3. МЕТОДОЛОГИЈА** ........ 11

**НА ИЗРАБОТКА НА АКЦИСКИ ПЛАН НА ПАРТНЕРСТВО ЗА ОТВОРЕНА ЛОКАЛНА ВЛАСТ** ........ 11

**4. КОКРЕАЦИЈА И ПАРТИЦИПАТИВЕН ПРОЦЕС ВО РАЗВОЈ НА АКЦИСКИОТ ПЛАН** ........ 13

**5. СТРАТЕШКА ВИЗИЈА НА АКЦИСКИОТ ПЛАН ЗА ЛОКАЛНО ПАРТНЕРСТВО ЗА ОТВОРЕНА ВЛАСТ** ........ 15

**6. ЗАЛОЖБИ И ПРЕВЗЕМЕНИ ОБВРСКИ** ........ 19

6.1. ПРВА ЗАЛОЖБА - УНАПРЕДУВАЊЕ НА ДИГИТАЛИЗАЦИЈА ВО РАБОТЕЊЕТО НА ОПШТИНАТА ........ 19

6.2. ВТОРА ЗАЛОЖБА: ТРАНСПАРЕНТНОСТ И ОТВОРЕНА ЛОКАЛНА САМОУПРАВА ........ 26

**7. СЛЕДЕЊЕ, ИЗВЕСТУВАЊЕ И НАУЧЕНИ ЛЕКЦИИ** ........ 33

ПРИЛОГ 1 (урнек): Известување ........ 35

ПРИЛОГ 2 (урнек): Прашалник ........ 37

АНЕКС 3: Одлука од Советот на општина Кисела Вода за усвојување на Првиот акциски план за партнерство за отворена локална власт 2024-2026 година ........ 38

## ЛИСТА НА КРАТЕНКИ

АП- Акциски План

ГО – Граѓански организации

ЕЛС – Единици на локалната самоуправа

ЕУ – Европска Унија

ЗМАИ – Здружение за истражување и анализи

ИРИ – Меѓународен републикански институт

ИТ – Информатичка технологија

МЗ – Месна заедница

МИОА - Министерство за информатичко општество и администрација

НВО – Невладини организации

НМИ - Независен механизам за известување

ОКВ – Општина Кисела Вода

ПОВ – Партнерство за отворена власт

## 1. ПРЕДГОВОР

### Изјава на Градоначалникот на Општина Кисела Вода г-дин Орце Ѓорѓиевски за креирање на првиот Акциски план на Партнерство за отворена локална власт



Почитувани,

Со голема чест и задоволство го презентираме првиот Акциски план на Општина Кисела Вода за Партнерство за отворена локална власт, глобална иницијатива која поставува нови стандарди за транспарентност, отчетност и активно учество на граѓаните во процесите на одлучување.

Нашата општина, силно посветена на вредностите и целите на Партнерството за отворена власт, и досега го има докажано својот ангажман преку бројни успешни проекти. Овие иницијативи овозможија граѓаните не само да бидат информирани туку и активно вклучени во креирањето на јавните политики кои директно влијаат на нивниот живот. Нешто што планираме да го надградиме, креирајќи уште подобра и поотворена Општина Кисела Вода за сите.

Како прва општина во Македонија што изработи ваков акциски план, испраќаме јасна порака дека веруваме во потребата од отворена и достапна локална власт за сите. Секогаш ќе останеме доследни на нашата цел – вратата на општинската администрација секогаш да биде отворена за секој чинител од нашата заедница.

Преку транспарентноста ја градиме довербата. Преку отчетноста ги јакнеме капацитетите за одговорно управување. Преку учеството им овозможуваме на граѓаните да бидат активни креатори на решенијата за нивните приоритети. Водени од овие принципи, продолжуваме да се залагаме за уште подинамичен развој и зацврстување на партнерството со нашите граѓани.

Изработката на првиот Акциски план е важен чекор, но истовремено претставува и почеток на долгогодишен процес на креирање отворена и инклузивна локална власт. Со силна надеж и верба, очекуваме дека имплементацијата на овој план ќе

биде основа за идни акции и проекти кои ќе ја зацврстат нашата визија за локална власт во служба на граѓаните.

Со почит,

Орце Ѓорѓиевски

Градоначалник на Општина Кисела Вода

## 2. ИЗВРШНО РЕЗИМЕ

### 2.1. Историја на Партнерството за отворена власт (ПОВ) на глобално ниво

***„Во 2011 година, владините лидери и застапниците на граѓанското општество се собраа за да создадат уникатно партнерство - кое ги комбинира овие моќни сили за да промовира транспарентно, партиципативно, инклузивно и одговорно владеење.***

***Партнерството за Отворена Власт (ПОВ) вклучува 77 земји и 150 локални самоуправи – што претставуваат повеќе од две милијарди луѓе – и илјадници граѓански организации.„***[1]

Партнерство за отворена власт - ПОВ ги започнува своите активности во 2011 година како глобална иницијатива насочена кон промовирање на транспарентност, отчетност и ангажман на граѓаните во владите ширум светот со цел да се подобри одговорноста на владите кон нивните граѓани преку поотворен, партиципативен и транспарентен пристап кон управувањето и намалување на корупцијата.
Примарен фокус на ПОВ го сочинуваат националните влади, но со самиот развој на активностите се отвараат нови суштински прашања и потреби кои доведуваат до одговор дека локалните власти играат клучна улога во животот на граѓаните.
Локалните самоуправи честопати се првата точка на контакт за граѓаните кои бараат јавни услуги и ангажман од државните институции, со што локалното управување треба да биде вклучено во рамката на ПОВ за да се осигура дека вредностите на транспарентност, отчетност и учество се имплементирани на секое ниво на власт. Целиот процес резултира со креација и развој на Локален акциски рлан на ПОВ, дизајниран да ги прошири принципите на отворена власт на градовите и локалните власти.

Идејата за локализирана иницијатива за ПОВ добива на интензитет во 2016 година кога Управниот комитет на ПОВ го препознава потенцијалното влијание што

[1] https://www.opengovpartnership.org/about/

отвореното управување може да го има врз локалните заедници. Оваа година го означува почетокот на повеќе фокусирани дискусии за проширување на опсегот на ПОВ за да ги вклучи локалните власти. Во 2017 година, ПОВ официјално ја започнува својата ПОВ Локална Програма, која ги поканува градовите и локалните власти да се приклучат на глобалните напори за промовирање на отворена влада.

Иницијативата има за цел да им обезбеди на локалните самоуправи платформа за усвојување на сопствени акциски планови, усогласувајќи се со пошироката рамка за ПОВ, а истовремено се однесува на специфичните потреби и предизвици со кои се соочуваат градовите и регионите.

Почетните години на локалната програма на ПОВ се фокусирани на создавање рамка за ангажман, која вклучува развивање на документи за насоки, студии на случај и алатки за да им помогне на локалните власти да разберат како да креираат и имплементираат акциски планови кои се усогласени со принципите на ПОВ. Пионерските градови, како Буенос Аирес, Сеул и Барселона, први ги изработуваат и усвојуваат Акциските Планови на ПОВ, поставувајќи стандарди на изработка и имплементација и станувајќи примери за другите општини. Во 2018 година, локалната иницијатива на ПОВ забележува значително проширување, при што повеќе градови и локални власти ширум светот ги усвојуваат принципите на отворена власт. Овој период го означува и почетокот на изработка на првите официјални локални акциски планови на ПОВ, кои поставуваат конкретни заложби и мерливи цели за зајакнување на транспарентноста, отчетноста и учеството на граѓаните во локалната власт. Овие планови се креирани преку инклузивен, партиципативен процес, често вклучувајќи ги граѓанските организации, групите во заедницата и локалните жители кон подобрување на управувањето.

До 2020 година, бројот на локални самоуправи вклучени во локалната иницијатива на ПОВ значително расте, при што над 80 градови и региони од целиот свет се обврзуваат да ги имплементираат локалните акциски планови. Гледајќи напред, иднината на Локалните акциски лланови на ПОВ е фокусирана на поголемо проширување на нивното влијание, служејќи како моќна алатка за

справување со локалните предизвици како што се сиромаштијата, нееднаквоста, климатските промени и урбанизацијата. Со создавање потранспарентни, отчетни и партиципативни локални власти, локалната програма на ПОВ има потенцијал да го зајакне демократското владеење и да ги подобри јавните услуги за заедниците ширум светот.




Графички приказ на развивањето на ПОВ Локалната програма

## 2.2. Членство на Македонија во Партнерство за отворена власт (ПОВ)

Македонија станува членка на Партнерство за отворена власт (ПОВ) во 2011 година, со насочување на глобалното движење кон промовирање на транспарентноста, отчетноста и учеството на граѓаните во власта. Досега се спроведени пет акциски планови, додека шестиот е во тек на реализација:

- Прв акциски план (2012-2013)[2]
- Втор акциски план (2014-2016)[3]
- Трет акциски план (2016-2018) [4]
- Четврти акциски план (2018-2020) [5]
- Петти акциски план (2021-2023) [6]
- Шести акциски план (2024-2026) [7]

## 2.3. Членство на Општина Кисела Вода во Партнерство за отворена локална власт

Локалните власти директно влијаат на секојдневниот живот на граѓаните преку услуги, политики и развој на заедницата. Со приклучување кон локалната програма на ПОВ, општините можат да го отклучат потенцијалот за подобрување на транспарентноста, отчетноста и ангажманот на граѓаните на локално ниво, што претставуваше главна цел за приклучувањето на Општина Кисела Вода во ПОВ.

Откако Орце Ѓорѓиевски ја презеде функцијата на градоначалник на општина Кисела Вода, според Индексот на активна транспарентност спроведен од Центарот за граѓански комуникации од Скопје[8], транспарентноста на општината е зголемена:

- на 59,2% во 2021 година;

[2] https://www.opengovpartnership.org/documents/macedonia-first-action-plan-2012-13/
[3] https://www.opengovpartnership.org/documents/macedonia-second-action-plan-2014-16/
[4] https://www.opengovpartnership.org/documents/macedonia-national-action-plan-2016-2018/
[5] https://www.opengovpartnership.org/documents/macedonia-action-plan-2018-2020/
[6] https://www.opengovpartnership.org/documents/north-macedonia-action-plan-2021-2023/
[7] https://www.opengovpartnership.org/documents/north-macedonia-action-plan-2024-2026-june/
[8] https://www.opendata.mk/Home/TekstualniDetails/129?Category=1

- на 85,5% во 2022 година и
- на 88,4% во 2023 година
- на 98,6% во 2024 година

Општина Кисела Вода е насочена кон спроведување на активности за зголемување на транспарентноста, вклученоста, дигитализацијата, отчетноста и отвореноста во работењето и релацијата со граѓаните.

Првиот Акциски план за ПОВ на општина Кисела Вода вклучува среднорочни активности (2024-2025) со цел унапредување и зајакнување на вредностите и принципите на доброто управување, придонесувајќи за консолидација на поширока стратегија што несомнено ќе продолжи во годините кои доаѓаат.

Изборот на мерки поврзани со принципите на ПОВ а со цел да се изгради динамична, просперитетна, поддржувачка и отворена општина се дефинирани преку две Заложби на Општина Кисела Вода:

1. Унапредување на дигитализација во работењето на општината;
2. Транспарентност и отворена локална самоуправа;

Среднорочни резултати кои произлегуваат од заложбите се:

- Промоција и дополнување на мерки за дигитализација и е – услуги за граѓаните;
- Зголемено учество на граѓаните во процесите на дигитализација на општината;
- Зајакнување на транспарентноста и отвореноста на општината преку учеството на граѓаните во донесување на одлуки од нивен интерес;
- Развој на инклузивен, партиципативен и ефективен модел на учество на заедницата;

Двете заложби на општина Кисела Вода се тесно поврзани - *БЕЗ ДОСТАПНОСТ НЕМА ТРАНСПАРЕНТНОСТ*.

## 3. МЕТОДОЛОГИЈА

## НА ИЗРАБОТКА НА АКЦИСКИ ПЛАН НА ПАРТНЕРСТВО ЗА ОТВОРЕНА ЛОКАЛНА ВЛАСТ

Партнерство за отворена локална власт (ПОВ) ги обединува локалните самоуправи, граѓаните, граѓанските организации, академската заедница и приватниот сектор со цел промоција на потранспарентно, поодговорно, отчетно и инклузивно владеење. ПОВ ја постигнува поставената визија со препознавање на клучната улога што ја имаат локалните власти во доближување на секое поле од делување, до луѓето на кои им служат. Општини, градови, држави, региони, провинции, окрузи и други јурисдикции обезбедуваат клучни услуги кои бараат ефективни и одговорни локални самоуправи. Затоа ПОВ се стреми да ги поддржи напорите на локалната самоуправа во усвојување на иновативни реформи. Сè појасно е дека соработката, транспарентноста и учеството на граѓаните се основни столбови за секоја модерна, одговорна и агилна локална самоуправа.

Методологијата[9] според која се изготвува Акциски план за ПОВ се темели во заедничко создавање и колаборативно управување со клучните елементи на:

1. **Кокреирање**: Локалната самоуправа и граѓанските организации соработуваат за да развијат акциски план кој детално ги прикажуваат обврските што локалната власт ги презема за подобрување на транспарентноста, отчетноста и управувањето;
2. **Принципи на отворена власт**: ПОВ се заснова на клучни принципи како што се транспарентност, отчетност, учество и владеење на правото. Овие принципи ги водат обврските преземени од земјите-членки;
3. **Акциски планови за земјата**: Владите-учеснички, во партнерство со граѓанското општество, развиваат конкретни заложби во рамките на акциските планови. Овие планови се дизајнирани да ги имплементираат принципите на отворена власт и тие често вклучуваат цели како што се

[9] https://www.opengovpartnership.org/ogp-local/ogp-local-key-materials/

подобрување на пристапот до информации, подобрување на владината реакција, реакцијата на локалната самоуправа или зголемување на ангажманот на граѓаните;

4. **Независен механизам за известување - НМИ** (Independent Report Mechanism - IRM): ПОВ користи независен систем за евалуација за да го следи и процени напредокот на обврските на секоја земја и локална самоуправа. НМИ изработува извештаи кои се транспарентни и јавно достапни. На тој начин се поставуваат темели за одговорност на владите и локалните самоуправи во процесот на постигнување на целите дефинирани во АП за ПОВ;
5. **Инклузивен и партиципативен процес**: Методологијата на ПОВ нагласува вклучување на широк опсег на засегнати страни во процесот, вклучувајќи невладини организации, граѓани и други субјекти. Овој партиципативен пристап гарантира дека се земаат предвид различните гласови и перспективи;
6. **Посветеност за континуирано подобрување**: Методологијата ги охрабрува земјите да се надоврзат на нивните претходни заложби и континуирано да ги подобруваат практиките на отворена власт со текот на времето. Овој итерактивен процес гарантира дека е постигнат напредок и дека принципите на отворена власт се интегрирани во секојдневното владеење;

Накратко, методологијата на ПОВ е фокусирана на отвореност, заедничко создавање и креирање, партнерства за соработка, отчетност и постојано подобрување, каде локалната самоуправа и граѓанското општество работат заедно за да создадат транспарентни, одговорни и партиципативни рамки на управување.

## 4. КОКРЕАЦИЈА И ПАРТИЦИПАТИВЕН ПРОЦЕС ВО РАЗВОЈ НА АКЦИСКИОТ ПЛАН

Кокреација и партиципативен процес во развојот на Акциски план за ПОВ подразбира заеднички пристап дизајниран да обезбеди инклузивност, транспарентност и одговорност во развојот на владините мерки, реформи, политики и стратегии. Овој процес вклучува повеќе засегнати страни како што се владини институции, граѓански организации (ГО), граѓани и други релевантни актери, во дизајнирањето и спроведувањето на акциските планови насочени кон подобрување на отвореноста, транспарентноста и отчетноста на локалната власт.

Трансформативните и одржливи промени бараат напори на кокреаторите кои се составени од различни сектори и групи, вклучувајќи ресорни одделенија во општините, локални граѓански организации, жители, академици и медиуми. Учеството на јавноста и партиципативноста во процесите на одлучување, е основна компонента и суштински елемент на ПОВ.

За да се задоволат стандардите на ко-реирање и партиципативност, Општина Кисела Вода, спроведе низа активности:

1. Партнери на Општина Кисела Вода во креирањето на првиот Акциски план за ПОВ се Меѓународниот републикански институт (ИРИ)[10] и ГО „Центар за младински активизам-Крик„[11];
2. Формирана е работна група со претставници од соодветни ресорни сектори од општината и претставници од партнерските организации;
3. Јавна консултација е реализирана со присуство на претставници од граѓански организации. Целта на настанот беше да се добијат препораки, сугестии и мислења во однос на работата на општинските власти за тоа како општината може да ја подобри успешноста во работењето во областите на

[10] https://www.iri.org/
[11] https://www.krik.org.mk/

транспарентност и отворена локална власт и подобрување на дигиталните услуги за граѓаните.

Од областа на Заложба 1. Подобрување на дигиталните услуги за граѓаните, беа поканети претставници од:

- Фондација Метаморфозис[12];
- Центар за управување со промени-ЦУП[13];

Од областа на Заложба 2. Зголемување на транспарентност и јакнење на отворена локална власт, беа поканети претставници од:

- Фондација Метаморфозис;
- Центар за граѓански комуникации[14];
- Здружение за истражување и анализи - ЗМАИ[15];
- Центар за економски анализи[16]

Првата нацрт верзија на Акцискиот план беше испратена до партнерите и организациите кои преку свои претставници, присуствуваа на состанокот за јавна консултација. Нивните сугестии, предлози и препораки се инкорпорирани во првиот Акциски план за ПОВ на Општина Кисела Вода.

Придобивките од кокреацијата и партиципативниот пристап во креирање на Акциски план за ПОВ се повеќекратни:

- **Зајакнат легитимитет**: Кога граѓаните и другите засегнати страни се вклучени во креирањето на акцискиот план, тие имаат поголема веројатност да им веруваат и да ги поддржат напорите на власта, бидејќи чувствуваат дека нивниот глас се слуша;
- **Подобро креирање политики:** Вклучувањето на различни перспективи помага да се создадат холистички, добро заокружени решенија кои имаат

[12] https://metamorphosis.org.mk/
[13] https://cup.org.mk/
[14] https://www.ccc.org.mk/
[15] https://zmai.mk/
[16] https://cea.org.mk/

поголема веројатност ефективно да ги решаваат проблемите од реалниот свет на граѓаните и заедницата;

- **Зголемена отчетност**: Локалните власти кои се ангажираат за вклученост на засегнатите страни се поодговорни, бидејќи граѓаните и граѓанското општество таквите власти ги сметаат за транспарентни и отворени во однос на исполнување на обврските преземени во акцискиот план;
- **Одржливост:** Кокреираните планови се поодржливи бидејќи градат широка поддршка, што го олеснува спроведувањето и одржувањето на реформите со текот на времето;
- **Овластени граѓани:** партиципативните процеси помагаат да се изгради посилен граѓански ангажман и да се поттикнат граѓаните да бидат активни учесници во управувањето и креирањето политики.




## 5. СТРАТЕШКА ВИЗИЈА НА АКЦИСКИОТ ПЛАН ЗА ЛОКАЛНО ПАРТНЕРСТВО ЗА ОТВОРЕНА ВЛАСТ

Стратешката визија на Акцискиот план за ПОВ се фокусира на создавање на колаборативна, транспарентна, инклузивна и отворена средина каде што граѓаните, граѓанското општество и локалните власти активно се вклучуваат во одлучувањето, развојот на политиките и спроведувањето на јавните услуги.

Стратешката визија служи како компас за навигација на оперативното планирање каде се дефинирани приоритетите и фокусот за реализација и остварување на долгорочни исходи и идентификување на среднорочните резултати.

## Визија

## (Долгорочен исход)

Преку создавање на култура на отвореност и комуникација на граѓаните со локалните власти за можности да учествуваат во донесување на одлуки од нивен интерес и олеснување на нивното секојдневно функционирање преку користење на е-услугите, општина Кисела Вода трасира долгорочни патеки за промена на свесноста и навиките кај своите граѓани во насока на прифаќање на модерното време, глобализацијата и подобрување на квалитетот на живеење на целата заедница.

## Мисија

## (Среднорочните резултати)

Транспарентно работење, отворена локална власт и целосна дигитализација во работењето на општината во однос на услуги на граѓаните и заедницата се насоки кон кои Општина Кисела Вода го насочува својот развој за промоција на модерна, ефективна, инклузивна и ефикасна локална самоуправа.



Првата заложба на општина Кисела Вода е унапредување на дигитализацијата во работењето на општината, која го трансформира начинот на работа, нудејќи нови и иновативни решенија за испорака на услуги кои се во корист на крајните корисници-граѓаните.

Како што напредува технологијата, помладите генерации природно се прилагодуваат на новите дигитални алатки, додека постарите генерации може да се соочат со потешкотии при користењето на е-услугите. Кај повозрасната популација сеуште постои убедувањето дека најсигурна и најверодостојна е хартиената форма на документ, без разлика колку време и енергија е потрошено да се дојде до него. Според последните статистички податоци на ЕУ, учеството на граѓаните во користење на веб страниците на локалните власти за добивање информации и услуги варира во однос на возраста: кај лица на возраст од 25 до 64 години е највисоко (47%), по што следат 16-24 години (40%) и 65-74 години (36%).[17]

Процесот на меѓугенерациска адаптација е од клучно значење за успехот на дигиталната трансформација, особено на општинско ниво.
Прилагодувањето кон дигиталниот свет може да биде предизвикувачки, без разлика дали се работи за користење онлајн портали, навигација во дигитални здравствени системи, пристап до информации преку социјалните медиуми или користење на е-услугите на локалната самоуправа.

Јазот меѓу овие две групи може да доведе до нееднаквости во пристапот до услуги, информации и учество во работењето и функционирањето на локалната власт. Целта на ОКВ е зголемување на свесноста кај сите граѓани подеднакво за поволностите кои произлегуваат од употреба на е-услугите кои ги нуди општината и олеснување на пристапот и начинот на кој е-услугите функционираат.

[17] https://ec.europa.eu/eurostat/web/interactive-publications/digitalisation-2024#e-government

Втората заложба која е од суштинско значење за Општина Кисела Вода е транспарентсноста и отворена локална самоуправа. Преку оваа заложба граѓаните се поттикнуваат директно да учествуваат во дефинирањето на општинските приоритети на делување и креирањето на следните чекори на локалната самоуправа. Со оваа заложба се креира нераскинлива конекција помеѓу граѓаните и локалните власти, како камен темелник на доброто владеење. Преку заедничко дефинирање на приоритетните потреби на заедницата се осигурува општинските активности, инвестирањето и употребата на ресурсите да бидат реализирани во соработка со граѓаните и заедницата. За унапредување на транспарентноста потребно е активно учество, отворена комуникација и заедничка одговорност помеѓу локалната власт и граѓаните во заедницата.

Разни организациони форми на функционирање на граѓаните, како што се месните заедници (МЗ) го олеснуваат протокот на информации од основата на заедницата до општинските власти со што се промовира партиципативноста и пристапот „од долу нагоре“. Месните заедници и авторитетните лица на заедницата се во најдобра позиција да ги разберат уникатните потреби, грижи и приоритети на жителите. Кога овие гласови се активно вклучени во процесите на донесување одлуки, тоа не само што го подобрува квалитетот на одлуките, туку и ги прави потранспарентни и релевантни за луѓето што ги засегаат.

Транспарентноста и отвореноста на општината за соработка ја поттикнува довербата меѓу локалните власти и нивните заедници. Во општините каде што е приоритет транспарентноста и отвореноста, поголема е веројатноста граѓаните да веруваат на своите лидери, знаејќи дека локалните активности се засноваат на јасни принципи и дека нивниот глас се слуша. Оваа доверба е од витално значење за непречено функционирање на локалните власти, бидејќи поттикнува поголем граѓански ангажман, учество на граѓаните и поддршка за локалните политики. Заедниците кои сметаат дека нивните грижи се решаваат и нивниот придонес се вреднува, поверојатно е да соработуваат со локалните власти.

Со поттикнување јавна дебата, поддршка на граѓаните и градење партнерства помеѓу отворената локална власт и организациите на заедницата, општините

можат да создадат средина каде што транспарентноста не само што се практикува, туку и се прифаќа. Кога граѓаните се чувствуваат овластени да учествуваат и да му веруваат на системот, се креира поголема веројатност позитивно да се вклучат во општинските иницијативи, што на крајот ќе доведе до подобри резултати за сите вклучени страни.

Односот меѓу локалните заедници и општината на полето на транспарентност е симбиотичен: граѓаните придонесуваат во транспарентното и отворено работење на локалната самоуправа, а за возврат, општините негуваат чувство на доверба, соработка и ангажман со своите граѓани. Бидејќи локалните власти се стремат кон поголема отвореност, тие неопходно ја препознваат непроценливата улога на заедниците во постигнувањето на оваа цел. Транспарентноста и отвореноста не е само еднонасочен проток на информации од општината до граѓаните, туку заеднички напор кој ги зајакнува демократските вредности и ја подобрува севкупната благосостојба на општеството.

## 6. ЗАЛОЖБИ И ПРЕВЗЕМЕНИ ОБВРСКИ

### 6.1. ПРВА ЗАЛОЖБА - УНАПРЕДУВАЊЕ НА ДИГИТАЛИЗАЦИЈА ВО РАБОТЕЊЕТО НА ОПШТИНАТА

Зголемениот раст на дигитализацијата и модернизацијата неминовно ги преобликуваат сите општества на глобално ниво. Донесени се и усвоени низа законски регулативи и акти за дигитализација и е-власт што претставува јасен знак за зголемување на трендот кон дигитална трансформација.: Американскиот закон за е-влада кој стапува на сила во 2013 година[18], Европски закон за приватност и безбедност на податоците кој стапува на сила во 2018 година[19], Законот за дигитални услуги е регулатива на ЕУ усвоена во 2022 година која се однесува на нелегална содржина, транспарентно рекламирање и дезинформации[20].

---

[18] https://www.whitehouse.gov/wp-content/uploads/legacy_drupal_files/omb/assets/egov_docs/fy_2013_e-government_act_implementation_report_final_03_01_2014_0.pdf
[19] https://gdpr.eu/tag/gdpr/
[20] https://digital-strategy.ec.europa.eu/en/policies/digital-services-act-package

На национално ниво преземени се чекори кон модерно информатичко општество и дигитализација на услугите на власта на централно и локално ниво: донесена е Одлука на Влада на Македонија за формирање на национален совет за дигитална трансформација на општеството[21], формирано е посебно Министерство за информатичко општество и администрација[22] каде се донесени повеќе стратешки документи и програми[23].

Во мај 2024 година Општина Кисела Вода ја промовираше новата, модерна и дигитализирана веб страница[24]. На веб страницата се наоѓаат информации за тековните настани и активности, информации за работењето на Советот на општината и ресорните сектори, стратешки документи, програми и акциски планови.

Дигитализацијата на услугите на општините е тесно поврзана со партиципативноста на граѓаните и претставуваат важни аспекти за подобрување на управувањето и вршењето на јавни услуги. Дигитализацијата овозможува побрзо и поефикасно спроведување на услуги, додека партиципативноста ја вклучува заедницата во донесувањето на одлуки и процесите на планирање. Комбинирањето на овие два аспекти може да има голем позитивен ефект на локалното управување:

1. **Онлајн платформи за поднесување документи и барања** – Граѓаните можат да аплицираат за разни услуги (дозволи, акти за изградба, регистрирање на имот и сл.) преку веб-страници на општините.
2. **Дигитални советодавни платформи** – Можност за граѓаните да учествуваат во консултации и процеси на одлучување преку онлајн платформи.
3. **Е-услуги и автоматизација** – Автоматизирани системи за плаќање даноци, јавни услуги или дури и за референдуми и гласање.

---

[21] Службен В. на Р.М. бр:161/2024 од 05.08.2024
[22] https://www.mioa.gov.mk/
[23] https://www.mioa.gov.mk/documents-strategies432.nspx
[24] https://opstinakiselavoda.gov.mk/

Со воведување на партиципативни механизми, граѓаните можат да имаат директен допир со процесите на донесување на одлуки. Примерите на партиципативност се:

1. **Онлајн гласање за општински проекти** – Граѓаните можат да гласаат за тоа кои проекти ќе имаат приоритет во општинскиот буџет.
2. **Платформи за повратни информации** – Канали преку кои граѓаните можат да ги изразат своите мислења за јавни политики или предлагачки проекти.

Веб страницата на општина Кисела Вода нуди е-услуги преку партиципативност на граѓаните:

- Апликација од ГО за потенцијална соработка со ОКВ;
- Е-огласна табла
- Иницијатива за поведување инспекциска постапка;
- Издавање потврда за усогласеност со стратегија за локален економски развој;
- Барање за издавање одобрение за раскопување на улица, коловоз, јавна или зелена површина;
- Барање за издавање уверение за карактер на земјиште;
- Барање за потврда дека земјоделското земјиште се обработува;
- Барање за еднократна парична помош за новороденче;
- Дозвола за користење на јавно прометни површини;
- Барање за еднократна парична помош;
- Пријавување на проблем;
- Барање за издавање на потврда за складирање, третман или преработка на отпад;
- Барање за пристап до информации од јавен карактер;
- Барање за упис во регистраторот на физички лица кои вршат угостителска дејност;

### Табеларен приказ на Првата заложба

| Заложба 1: Унапредување на дигитализација во работењето на општината | |
|---|---|
| Одговорна страна | Општина Кисела Вода |
| Други вклучени страни (јавни) | ➢ Меѓународен републикански институт (ИРИ)<br>➢ ГО „Центар за младински активизам-Крик |
| Други вклучени страни (граѓанско општество) | ➢ Граѓанската заедница и жителите на Општина Кисела Вода |
| **Опис на заложбата** | |
| **Опис на заложбата и проблеми со кои се соочува општината**<br>Граѓаните се повеќе се потпираат на интернетот и е-услуги за многу административни процедури. Решенијата за е-влада нудат широк опсег на придобивки и за локалните власти и за граѓаните. Унапредувањето на дигитализацијата во општинските операции е клучен елемент за подобрување на ефикасноста, транспарентноста и испораката на услуги во локалните самоуправи. Усвојувајќи дигитални алатки и технологии, Општина Кисела Вода ги насочува своите внатрешни процеси кон подобрување на услугите на граѓаните. Преку веб страницата на општината граѓаните во секој момент може да добијат информации од нивен интерес, а дигитализацијата им овозможува пристап до услугите преку интернет, како што се плаќања, аплицирање за дозволи и барање општински услуги. Ова ги прави административните процеси поудобни и подостапни.<br>Во овој момент е-услугите за граѓаните во Општина Кисела Воде не се финализирани: граѓаните може да извршат плаќања по електронски пат, да поднесат барања, но не можат да добијат електронска верзија на финален документ заради недостаток на електронски печат на општината за заверување на документите. За добивање на бараниот документ неопходно е да ги посетат ресорните сектори и одделенија во општината за да се финализира процесот на издавање на потребната документација. Ова ја прави е-услугата половична: барањето за одреден документ може да се поднесе по електронски пат, но не и издавањето на документот по е-пошта. Подигањето на бараната документација | |

| |
|---|
| е дополнително конзумирање на време и енергија на граѓаните и ја намалува вредноста, ефикасноста и ефективноста на е-услугите на општина Кисела Вода. |
| **Како заложбата придонесува за решавање на проблемот и задоволување на потребите на граѓаните?**<br>Функционирањето на електронскиот потпис преку креирање и изработка на електронски печат, ќе го финализира процесот на е-услугите на Општина Кисела Вода. По аплицирањето за одреден документ на вебстраницата на општината, граѓаните ќе можат и да ги добиваат бараните документи по електронски пат, со што целиот процес ќе биде комплетно дигитализиран. На овој начин граѓаните побрзо и на полесен начин ќе дојдат до потребните документи, а истовремено и ќе се зголеми ефикасноста на општината. Исто така, ќе се зголеми довербата во процесот и истовремено ќе се придонесе кон проширување на видиците на заедницата за ерата на дигитализација која неминовно доаѓа, дополнително условена од климатските глобални промени и ќе се надминуваат традиционалните начини на функционирање. |
| **Зошто заложбата е релевантна за вредностите на ПОВ?**<br>Заложбата за дигитализација и е-услуги игра клучна улога во решавањето на проблемите и задоволувањето на потребите на граѓаните преку нудење низа поволности кои ја подобруваат ефикасноста, пристапноста и севкупниот квалитет на живот. Дигитализацијата и е-услугите придонесуваат за зголемена практичност, ја зголемуваат ефикасноста и брзината на услугите, овозможуваат на граѓаните пристап до услугите на општината во секое време и од било каде (24/7) надминувајќи ги ограничувањата на постојните работни часови; овозможуваат географска инклузивност: е-услугите обезбедуваат луѓето кои живеат во поодалечени или недоволно опслужени области да имаат пристап до истите услуги како оние во урбаните центри, намалувајќи ја географската поделба; нудат ефективни решенија; ја подобруваат транспарентноста и отчетноста; промовираат инклузија на лица со посебни потреби и еднакви можности за сите; го зајакнуваат економскиот раст и развој на иновациите и придонесуваат за заштита на животната средина. |

Заложбата за унапредување на дигитализација во работењето на општината и е-услугите директно ги надополнуваат вредностите на ПОВ поврзани со ефикасноста, транспарентноста, инклузивноста и иновативноста. Претставуваат можност да се подобри испораката на услуги, да се насочат операциите на локалната власт во полза на граѓаните и подобро да се задоволат потребите на заедницата, што го прави релевантен и стратешки приоритет.

| Активности на заложбата | Датум на започнување | Датум на завршување |
|---|---|---|
| 1. Консултација со веќе избран економски оператор за дизајн и изработка на електронски печат | 01.02.2025 | 31.03.2025 |
| 2. Имплементација на дигиталниот печат и дополнување на веб страницата во делот на постоечките е-услуги | 01.04.2025 | 31.05.2025 |
| 3. Тест – период: период во кој ќе се тестира функционирањето на електронскиот печат и ќе се адаптираат или отстранат одредени нефункционалности | 01.06.2025 | 30.06.2025 |
| 4. Официјален почеток на употреба на електронски печат при издавање на документи преку системот на е-услуги на Општина Кисела Вода | 01.07.2025 | 31.08.2025 |

**Индикатори**

**1.** Број на лица кои поднеле барања за е-услуги по категории во период на тестирање (01.06.2025 – 30.06.2025);

**2.** Број на издадени документи со електронски печат во период на тестирање, по категории на е-услуги (01.06.2025 – 30.06.2025);

**3.** Број на лица кои поднеле барања за е-услуги по категории после официјалниот почеток на употреба на електронски печат, по категории на е-услуги (01.07.2025 – 31.08.2025);

| |
|---|
| **4.** Број на издадени документи со електронски печат после официјалниот почеток на употреба на електронски печат, по категории на е-услуги (01.07.2025 – 31.08.2025); |
| **Верификатори** |
| **1.** Документ издаден од Сектор за управување со човечки ресурси и информатичка технологија, Одделение за информатичка технологија, со број на лица кои поднеле барања за е-услуги по категории во период на тестирање (01.06.2025 – 30.06.2025);<br>**2.** Документ издаден од Сектор за управување со човечки ресурси и информатичка технологија, Одделение за информатичка технологија, со број на издадени документи со електронски печат во период на тестирање, по категории на е-услуги (01.06.2025 – 30.06.2025);<br>**3.** Документ издаден од Сектор за управување со човечки ресурси и информатичка технологија, Одделение за информатичка технологија, со број на лица кои поднеле барања за е-услуги по категории после официјалниот почеток на употреба на електронски печат, по категории на е-услуги (01.07.2025 – 31.08.2025);<br>**4.** Документ издаден од Сектор за управување со човечки ресурси и информатичка технологија, Одделение за информатичка технологија со број на издадени документи со електронски печат после официјалниот почеток на употреба на електронски печат, по категории на е-услуги (01.07.2025 – 31.08.2025) |

| **Контакт информации (страната одговорна за заложбата)** | |
|---|---|
| Позиција: советник за информатичка технологија | Светозар Величковски<br>Мејл: svetozar.velickovski@kiselavoda.gov.mk |

## 6.2. ВТОРА ЗАЛОЖБА: ТРАНСПАРЕНТНОСТ И ОТВОРЕНА ЛОКАЛНА САМОУПРАВА

Општина Кисела Вода е една од општините кои го сочинуваат град Скопје. Општината се протега на површина од 46.86 $км^2$, зафаќа делови од Скопската котлина од десната страна на реката Вардар и е дел од Скопскиот Плански Регион со специфичен комбиниран состав на урбано – рурална општина (57% урбан дел – 26,69$км^2$ и 43% рурален дел – 20,17$км^2$). Во состав на Општината се наоѓаат 11 населени места: Кисела Вода, 11 Октомври, Цветан Димов, Чешма, Бирарија, Црниче, Пржино, Припор, Пинтија, Драчево и Усје, од кои две населени места се рурални: Населеното место Драчево[25] (кое се состои од Драчево 1 со 1.22$км^2$ кое е урбано населено место и  село Драчево или Драчево 2 со 14.77$км^2$ кое е рурално населено место)[26] и Усје[27] (со површина од 5.4$км^2$)[28].

На територијата на општина Кисела Вода, како организациона форма на граѓаните, функционираат 15 месни заедници (МЗ). Ова е обележје на заедницата преку кое општината е препознатлива и се карактеризира со исклучително високо ниво на демократија, отчетност, транспарентност и видливост, каде постојано е земен предвид гласот на граѓаните.

Во согласност со Статутот на Општината највисок орган на  месните заедници е Советот избран од граѓаните. Тој е составен од 7 до 11 членови со мандат во времетраење од 4 години. За претседател се избира член од редовите на Советот на МЗ. За секоја МЗ  има задолжен референт, од секторот за месни заедници во општината кој својата работа ја врши во канцеларијата посветена на дадената МЗ. Сите детални информации за локацијата на канцелариите, претседателите на МЗ и референтите се наоѓаат на веб страната на општината[29].

- МЗ “Расадник”
- МЗ “11 Октомври-бараки”
- МЗ “11 Октомври-ЗГРАДИ”
- МЗ “Црниче”

---

[25] Листа на рурални подрачја во РСМ, Одлука на Влада од 04.07.2017
[26] Агенција за катастар на недвижности на РСМ
[27] Листа на рурални подрачја во РСМ, Одлука на Влада од 04.07.2017
[28] Агенција за катастар на недвижности на РСМ
[29] https://opstinakiselavoda.gov.mk/%d0%bc%d0%b5%d1%81%d0%bd%d0%b8-%d1%83%d1%80%d0%b1%d0%b0%d0%bd%d0%b8-%d0%b7%d0%b0%d0%b5%d0%b4%d0%bd%d0%b8%d1%86%d0%b8/

- МЗ “Пржино”
- МЗ “Бирарија”
- МЗ “Цветан Димов”
- МЗ “Кисела Вода”
- МЗ “Усје”
- МЗ “Пинтија”
- МЗ “Село Драчево”
- МЗ “Бобан Трпков” н.Драчево
- МЗ “Припор”
- МЗ “Подстаница”
- МЗ “Стаклара Каменик”

Организираноста и функционирањето на МЗ има за цел постојано да се слуша гласот на граѓаните и нивните потреби, што е олеснето со постоење на канцеларии како контакт точки. Своите идеи и потреби граѓаните ги доставуваат до референтите во МЗ, без потреба од одење во општината, кои пак ги собираат и евидентираат информациите и ги презентираат во општината.

